*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ*
*ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ*

ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПОСТАПКА СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС, КОЈА СЕ СПРОВЕДУВА ВО ХАРТИЕНА ФОРМА И ЗАВРШУВА СО Е-АУКЦИЈА

# ЗА НАБАВКА НА СИСТЕМ ЗА ПОПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО ИНТЕГРАЦИЈА СО ЕРП-ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ
# БРОЈ 08/2014

*Скопје, јануари 2014 година*

## Инструкции за понудувачите

**1. Договорен орган**

Договорен орган - Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, со адреса на ул. Васил Главинов бр. 12/1 – ТЦЦ Плаза – Скопје, телефон за контакт 02/3215-621, факс 02/3222-302 и електронска адреса ipa_aa@dzr.gov.mk, контакт лице Филип Филиповски.

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**

2.1. Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на систем за попис на основни средства со интеграција со ЕРП-информационен систем.

Набавката не е делива

Детален опис на предметот на договорот е даден во Техничката спецификација во прилог на оваа Тендерска документација.

**3. Начин на испорака**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача во просториите на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош на ул. Васил Главинов бр. 12/1 – ТЦЦ Плаза – Скопје.

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно, цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**5. Рок на испорака**

Носителот на набавката е должен да го испорача системот предмет на договорот во рок од 25 (дваесет и пет) работни дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

**6. Начин на плаќање**

Начинот на плаќање е вирмански со доставување на фактура по извршената испорака со одложено плаќање во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата и извршено тестирање на испорачаниот уред.

**7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

7.1. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, кој го доставува заедно со понудата во оригинал или копија заверена од понудувачот.

## 8. Изготвување и поднесување на понудите

8.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот за понуда во прилог на оваа тендерска документација. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал“. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластено лице од страна на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

Понудувачот поднесува вкупна цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ. Понудената цена треба да ги вклучува и увозните царини, доколку ги има, а истите треба да бидат искажани и посебно.

8.2. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

8.3. Изјава за независно поднесена понуда

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишува изјава во која под целосна материјална и кривична одговорност ќе изјави дека понудата ја поднел независно, без договор со други економски оператори спротивно на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека не учествува во истата постапка со други економски оператори со кои е капитално, сопственички или роднински поврзан.

Доколку договорниот орган има сознанија за невистинитоста по наводите на изјавата, веднаш ќе ги извести надлежните органи.

8.4. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Пополнет образец на Понуда (**Прилог 1**);
- Пополнет образец на Изјава за сериозност на понудата (**Прилог 2**);
- Пополнет образец на Изјава за независно поднесена понуда (**Прилог 3**);
- Парафиран Нацрт – Договор (**Прилог 4**);
- Документ за регистрирана дејност (**Прилог 5**);
- Брошура, каталог и слично за понудениот систем.

8.5. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

8.6. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува **90 (деведесет) дена** од денот на отворањето за чие времетраење понудата, во сите нејзини елементи, е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

8.7. Затворање на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај", да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради не придржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

8.8. Принцип на една понуда

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно, сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

## 9. Критериум за доделување на договорот

9.1 Критериум за доделување на договорот за јавна набавка **е најниска цена**.

За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена во текот на електронската аукција, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. Во постапка која завршува со спроведување на електронска аукција не се врши бодување на понудите, туку само рангирање на понудувачите според висината на понудените цени.

9.2 Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/08).

## 10. Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка

10.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.

10.2. Оваа постапка нема да се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), освен во делот на електронската аукција која задолжително се спроведува преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk).

10.3. Подетални информации за користењето на електронски средства:
За да можете да учествувате на електронската аукција, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН[1] , по што ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од регистрациската форма, генерира шифра и истата ја доставува на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор. Секое лице кое се регистрира како корисник на ЕСЈН, при пополнување на веб образецот за регистрација се запознава и дава согласност дека ќе ги почитува правилата и условите за користење на ЕСЈН. Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на системот ќе најдете во Прирачникот за користење на ЕСЈН наменет за економски оператори, кој можете да го преземете од почетната страница на ЕСЈН во делот „Економски оператори”.

10.4. Подетални информации за електронската аукција: Договорниот орган ќе користи електронска аукција како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди. Предмет на електронската аукција е вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ. Почетна цена на електронската аукција е најниската цена од прифатливите понуди поднесени во првата фаза од постапката.

[1] Линк „Регистрирај се“ во делот „Економски оператори“ на почетната страница на ЕСЈН

Поканите за учество на аукцијата ќе се достават во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди, до сите економски оператори кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза од постапката и кои се регистрирани во ЕСЈН.

Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена на адресата за е-пошта на лицето за контакт наведено во Образецот за понуда кое претходно е регистрирано во ЕСЈН.

Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на аукцијата, односно најниската цена од првично поднесените понуди; датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата; интервалот во кој ќе се спроведува негативното наддавање (минимална и максимална разлика во понудени цени).

## 11. Доделување на договорот за јавна набавка

11.1. Договорниот орган, по спроведената електронска аукција како последна фаза во постапката за барање за прибирање на понуди, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда има најниска цена.

11.2 Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

11.3 Доколку никој не поднесе нова цена во текот на електронската аукција, а притоа две или повеќе понуди имаат идентична цена, за најповолна ќе биде избрана порано поднесената понуда.

11.4 Во случај да е поднесена само една прифатлива понуда во првата фаза од постапката, договорниот орган ќе го покани единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку ЕСЈН.
Во поканата до единствениот понудувач ќе бидат содржани: понудата која ќе биде предмет на поднесување конечна цена, информации кои ќе му бидат достапни пред поднесувањето на конечната цена и времето на поднесување на конечната цена.
Единствениот понудувач може да ја поднесе конечната цена во утврденото време само еднаш, а доколку не поднесе конечна цена првично понудената цена ќе се смета за конечна.
Договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на единствениот економски оператор кој поднел прифатлива понуда или да ја поништи постапката доколку се поднесени цени понереални од реалните на пазарот.

11.5 Во случај во текот на аукцијата да нема негативно наддавање, договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на економскиот оператор чија првична прифатлива понуда има најниска цена.

11.6 По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, избраниот понудувач ќе има обврска да го распредели намалениот износ на вкупната цена во споредба со првично понудената вкупна цена во рамки на ставките кои се составен дел на предметот на набавка.

## 12. Известување за доделување на договорот за јавна набавка

12.1 По завршувањето на електронската аукција на јавниот дел од ЕСЈН автоматски се објавува и до сите учесници на аукцијата автоматски се испраќа известување за економскиот оператор кој што поднел најповолна понуда во текот на негативното наддавање. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици. Исходот од електронската аукција е основ за донесување на одлука за избор на најповолна понуда.

12.2 Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во писмена форма дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од тендерот, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

## 13. Правна заштита

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавните набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки. Правото на жалба во постапка која завршува со електронска аукција се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

## 14. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

14.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

14.2. Веднаш по завршување на постапката, договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите во тендерската документација (доколку се побарани од Комисијата).

**15. Склучување на договорот за јавна набавка**

15.1 Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 4 примероци на потпишување.

15.2 Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 5 дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице на договорниот орган.

15.3 Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 15.2 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот и да објави негативна референца.

## ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА
## за набавка на СИСТЕМ ЗА ПОПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО ИНТЕГРАЦИЈА СО ЕРП-ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ за потребите на Ревизорското тело за ревизија на ИПА

Системот за попис на основните средства има за цел да изврши мобилно попишување на основните средства со помош на рачен компјутер – PDA уред и попишаните состојби автоматски да ги префрли и интегрира со модулот за основни средства кој е во употреба како составен дел на информациониот систем, базиран на Luca ERP - деловниот софтвер.

Системот за попис на основни средства се состои од:

1. Уред за попис на основни средства
2. Лиценца за софтверот за попис на основните средства
3. Интеграција на софтверот за попис на основните средства со модулот за основни средства и
4. Обука за користење на Системот

### Спецификација на системот:
### Потребни минимални технички карактеристики:

1. Уред за попис на основни средства
    - Windows Mobile 6.1.
    - CPU: PXA 320, 800 Mhz
    - RAM: 256 MB
    - ROM: 512 MB
    - HSDPA GSM/GPRS/EDGE WLAN
    - BT, IrDA, 1D Laser, GPS
    - Camera, Numeric Keyboard, 3,5” VGA with backlight
    - TFT Touch Window LCD, 256K, 480x640
    - Батерија, напојување
    - Гаранција на уредот: 24 месеци

1.1 Софтвер за попис на основните средства треба да ги поседува следните особини:
- Внес или преземање на шифрарникот на основни средства
- Внес или преземање на шифрарникот на локации
- Преземање и преглед на лагер листата на основни средства по локации
- Генерирање и пополнување на документот попис на основните средства
- Можност за пренос на пописот во ERP - деловниот софтвер

2. Лиценца за софтверот за попис на основните средства

3. Интеграција на софтверот за попис на основни средства со модулот за основни средства на Luca ERP ги опфаќа следните функции:
    - Автоматско преземање на шифрарникот на основни средства од модулот за основни средства
    - Автоматско преземање на шифрарникот на локации од модулот за основни средства
    - Автоматско преземање на лагер листата на основни средства по локации од модулот за основни средства
    - Автоматско префрлање на попишаните состојби во модулот за основни средства
    - Автоматско генерирање на пописни разлики, вишок, кусок, расход итн.

4. Обука за користење на Системот за попис на основните средства за 3 лица во времетраење од 3 часа во просториите на договорниот орган со печатење тест попис.

## Прилог 1 – Образец на понуда

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број _______________ објавен од страна на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, за доделување на договор за јавна набавка на систем за попис на основни средства со интеграција со ЕРП-информационен систем со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ____________________________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________________________
- Телефон: ___________________________________________________________
- Факс: ______________________________________________________________
- Е-пошта: ____________________________________________________________
- Лице за контакт: ____________________________________________________

I.3. Одговорно лице: ____________________________________________________

I.4. Даночен број: ______________________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да го понудиме следниов уред согласно условите дефинирани во Техничката спецификација како што следува:

1. Уред за попис на основни средства
    - Windows Mobile _______
    - CPU: PXA 320, ______Mhz
    - RAM: _______ MB
    - ROM: _______ MB
    - HSDPA GSM/GPRS/EDGE WLAN
    - BT, IrDA, 1D Laser, GPS
    - Camera, Numeric Keyboard, ________” VGA with backlight
    - TFT Touch Window LCD, _______K, ______x________
    - Батерија, напојување
    - Гаранција на уредот: __________ месеци

1.1 Софтвер за попис на основните средства треба да ги поседува следните особини:

- Внес или преземање на шифрарникот на основни средства
- Внес или преземање на шифрарникот на локации
- Преземање и преглед на лагер листата на основни средства по локации
- Генерирање и пополнување на документот попис на основните средства
- Можност за пренос на пописот во ERP - деловниот софтвер

2. Лиценца за софтверот за попис на основните средства

3. Интеграција на софтверот за попис на основни средства со модулот за основни средства на Luca ERP ги опфаќа следните функции:
    - Автоматско преземање на шифрарникот на основни средства од модулот за основни средства
    - Автоматско преземање на шифрарникот на локации од модулот за основни средства
    - Автоматско преземање на лагер листата на основни средства по локации од модулот за основни средства
    - Автоматско префрлање на попишаните состојби во модулот за основни средства
    - Автоматско генерирање на пописни разлики, вишок, кусок, расход итн.

4. Обука за користење на Системот за попис на основните средства за 3 лица во времетраење од 3 часа во просториите на договорниот орган со печатење тест попис

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда искажана во денари, вклучувајќи ги сите трошоци, попусти и увозни царини, без ДДВ, кој е искажан посебно, изнесува:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
| Систем за попис на основни средства | Парче | 1 | | |
| Вкупна цена без ДДВ<br><br>Со зборови: | | | | |

III.2. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ, изнесува: ____________________ *[со бројки]* (____________________) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува ____________ денари.

III.3. Во прилог ги доставуваме брошура, каталог и слично за уредот кој го нудиме, и тоа: ____________________________________________.

III.4. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

III.5. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.6. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| | (потпис и печат) |

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот _____________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот _________________________ ________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум | Овластено лице

_____________________________ | _____________________________

(потпис и печат)

**Прилог 3 – Изјава за независно поднесена понуда**

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот ___________________________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата во постапката со барање за прибирање на понуди бр.___________ [*да се наведе бројот на огласот*] ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека во постапката не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што може да доведе до поведување на постапка за утврдување прекршочна или кривична одговорност против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум | Овластено лице

_________________ | ______________________

Прилог 4 - Нацрт- Договор

# Н А Ц Р Т - Д О Г О В О Р
# СИСТЕМ ЗА ПОПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО ИНТЕГРАЦИЈА СО ЕРП-ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

А. РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ, ул. Васил Главинов број 12/1 - ТЦЦ Плаза, 1000 Скопје, ЕМБС 6702031 застапувано од Главниот ревизор за ИПА, Лепосава Апостоловски Велинов, (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,

и

Б. ________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

(назив, адреса, седиште и држава)

застапуван/о од ________________________________________________

(во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

## II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган**" - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката**" - е понудувач кој склучил договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки**" - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена**" - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го има дадено;

5) „**Испорака**" - значи предавање на предметот на договорот од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на опремата која е предмет на договорот;

6) **„Сервисирање"** - претставува отстранување на сите грешки (дефекти и слично) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаната опрема која е предмет на договорот.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Со овој Договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на Договорниот орган и Носителот на набавката број __________ за набавка на систем за попис на основни средства со интеграција со ЕРП-информационен систем за потребите на Договорниот орган по вид, карактеристики и количини согласно Понудата на Носителот на набавката доставена по спроведената електронска аукција, која е составен дел на овој Договор, кои Носителот на набавката се обврзува да ги испорача, а Договорниот орган да ги преземе и плати во согласност со одредбите на овој Договор.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонскиот јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната цена на предметот на договорот согласно член 2 изнесува _____________ денари со вклучен ДДВ, односно _____________ денари и износ на ДДВ од ____________ денари, по цени за видот и количините согласно Понудата во прилог на овој Договор.

Во вкупната цена на набавка се пресметани царината, данокот на додадена вредност како и трошоците за транспорт до седиштето на Договорниот орган.

Цената на предметот на договорот од овој член е непроменлива до истекот на договорот или до негова целосна реализација.

## VI. НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен испораката на предметот на договорот да ја изврши во рок од 25 (дваесет и пет) работни дена од денот на потпишувањето на овој Договор, во просториите на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, ул. Васил Главинов број 12/1 - ТЦЦ Плаза, 1000 Скопје.

Испораката на системот кој е предмет на договорот се смета за извршена со денот на потпишување на Записник од технички прием на испорачаниот систем, спроведена обука и извршен тест попис, испратница и приемница од овластени лица на Договорниот орган и овластени лица на Носителот на набавката, соодветно.

## VII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Плаќањето на системот, предмет на овој Договор, ќе се изврши најдоцна во рок од 30 (триесет) дена по приемот на фактурата со приложена испратница, потпишана од страна на овластени лица на Договорниот орган и овластени лица на Носителот на набавката. Должничко доверителскиот однос настанува со денот на испораката.

## VIII. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 7**

Носителот на набавката се обврзува да го испорача системот согласно утврдениот квалитет на декларираниот производител на производот.

Доколку Носителот на набавката испорача систем со понизок квалитет или друг вид, Договорниот орган нема да го прими, а истиот ќе биде вратен на сметка на Економскиот оператор.

Квалитативен и квантитативен прием на системот врши Договорниот орган по потпишување на Записник од технички прием на испорачаниот систем, испратница и приемница од страна на Договорниот орган и Носителот на набавката, соодветно.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот, функционалната и техничката исправност, како и комплетноста на системот од член 2 на овој Договор.

Носителот на набавката е должен со испораката на системот да достави техничка документација, а и истиот да го пушти во работа во присуство на овластени лица од страна на Договорниот орган.

## IX. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 8**

Носителот на набавката е должен да го испорача системот на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор.

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да го испорача системот на Договорниот орган во исправна состојба.

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да спроведе практична обука во времетраење од 3 работни часа за 3 вработени за користење на системот во просториите на договорниот орган, по извршено пуштање во работа на системот.

## X. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 11**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по испорака на предметот на договорот во рок од 30 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката.

**Член 12**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на предметот на договорот.

## XI. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

За примопредавањето на предметот на договорот се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) дали предметот на договорот е испорачан во рокот кој е договорен;
2) дали квантитетот и квалитетот на испорачаниот предмет на договор одговара на договорениот квантитет и квалитет.

**Член 14**

Записникот за примопредавање го потпишуваат овластени лица на двете договорни страни.

Од денот на составувањето и потпишувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

## XII. ГАРАНЦИЈА И РЕКЛАМАЦИЈА

**Член 15**

Периодот за кој Носителот на набавката гарантира за функционалноста на испорачаниот предмет на договорот изнесува __________ месеци, сметано од денот на испораката.

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот рок без надомест ќе изврши замена на сите потрошни материјали и резервни делови на системот предмет на овој Договор.

**Член 16**

Ако за времетраењето на гарантниот рок, а во рок од 30 дена од рекламацијата, Носителот на набавката не ја отстрани неисправноста на системот, истиот е должен да изврши замена на рекламираните производи т.е делови со нови, на свој трошок.

**Член 17**

Доколку по истекот на гарантниот рок дојде до неисправност, како последица на скриени неисправности и недостатоци, грешка во материјалот и лоша изработка, Носителот на набавката ќе ја признае и оваа рекламација. Ваквите грешки ги утврдува Комисија составена од двете договорни страни  во согласност со критериумите на производителот.

## XIII. СЕРВИСИРАЊЕ  И ОДРЖУВАЊЕ  НА СИСТЕМОТ

**Член 18**

Носителот на набаваката во гарантниот период  се обврзува да обезбеди:

- сервисирање и одржување на предметот на договорот;
- работна рака и заменети делови.

Носителот на набаваката се обврзува да обезбеди оригинални резервни делови и вон гарантниот период во рок од 3 години.

По истекот на гарантниот период, Договорниот орган може да склучи посебен договор за одржување на уредот, предмет на договорот според своите потреби.

## XIV. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**Член 19**

Доколку во текот на приемот на предметот на договорот согласно член 2 на овој Договор се утврди дека предметот на договорот не одговара на утврдениот вид, карактеристики и количина или истиот е со квалитет понизок од квалитетот специфициран во Понудата, Договорниот орган има право да бара соодветна замена на предметот на договорот, а Носителот на набавката се обврзува замената да ја изврши во рок од 7 работни дена или тоа ќе се уреди со посебен договор, кој ќе се смета за составен дел од овој Договор. Во спротивно, Договорниот орган има право на раскинување на овој Договор.

Доколку Носителот на набавката замената не ја изврши во рокот утврден согласно став 1 од овој член, Договорниот орган има право на раскинување на овој Договор или замената да ја набави од друг Економски оператор, при што евентуалната разлика во цена и останатите трошоци паѓаат на товар на Носителот на набавката.

За доцнење на договорените рокови за испорака на предметот на договорот, Носителот на набавката се обврзува да му плати на Договорниот орган надомест на штета во висина од 0,5% од вредноста на системот за секој ден доцнење, сметано од првиот ден на доцнење. Вкупниот износ на казнените пенали не може да премине 10% од вкупната вредност на Договорот.

Доколку до доцнење дојде по вина на Договорниот орган, надомест на штета нема да се применува.

## XV. ВИША СИЛА

**Член 20**

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за загуба, штета, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор, кои се предизвикани со дејство на виша сила.

Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат во рок од 24 часа писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на настапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување на Договорот или услови за раскинување на Договорот.

## XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Овој Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни и важи до неговата целосна реализација.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот. Договорот може да се раскине и пред неговото извршување, со претходна согласност од двете договорни страни, под услови предвидени со Законот за облигациони односи.

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат, сите спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применува Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

Овој Договор може да се менува со Анекс- Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Овој Договор е изработен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош | |

**Главен ревизор за ИПА**

**Лепосава Апостоловски Велинов, ОДР**

Составен дел на овој Договор е:

а) Понудата на Носителот на набавката доставена по спроведената електронска аукција